*Кон овој број*

Почитувани колешки и колеги, почитувани соработници, студенти и драги читатели, пред Вас е број 64 на Годишниот зборник на Филозофски факултет. Вообичаено, како и во претходните броеви, повторно имате можност да прочитате голем број трудови на автори од сите единаесет Институти кои го сочинуваат Филозофски факултет. Со оглед на тоа што оваа публикација претставува едногодишен приказ на дејноста на членовите на една хетерогена образовно-научна институција, се надеваме дека и оние што првпат се среќаваат со Годишниот зборник, ќе најдат текст што ќе го привлече нивното внимание.

Публикациите од овој вид живеат благодарејќи на авторите и нивните трудови, како и интересот што тие трудови го предизвикуваат кај пошироката научно-истражувачка и академска јавност. Но, за да настане и опстане ваков вид публикација, не се доволни само авторите. Потребни се и соработници кои ќе работат напорно на собирањето, редактирањето, уредувањето и оформувањето на трудовите во она што го нарекуваме конечен производ.

За оние кои што го читаат Годишниот зборник од прва до последна страница (или барем го прелистуваат од прва до последна страница) вообичаено е уште на самиот почеток на публикацијата е да прочитаат, дека во неговата реализација, покрај авторите, учествуваат членовите на Редакцискиот одбор, уредувачи, лектори и други соработници. На самиот крај од списокот со имиња на членови на Редакцискиот одбор стои името на секретарот на Редакцискиот одбор и секретарот на Годишниот зборник. Бидејќи членовите на Редакцискиот одбор на Годишниот зборник се со мандат од четири години, нивните имиња на секои четири години се менуваа, но името на секретарот со децении остануваше исто. Така, читателите на оваа публикација веќе се навикнаа долга низа години да го читаат името на Миодраг Тодоровиќ, како секретар на Годишниот зборник.

Но во овој број неговото име нема да можат да го прочитаат. Нашиот долгогодишен секретар на Редакцискиот одбор и секретар на Годишниот зборник, замина во заслужена пензија. Секако, не ни беше лесно да се навикнеме да работиме без него. Знаејќи колку љубов и самопрегор внесуваше во реализацијата на секој број на Годишниот зборник, ние, членовите на овој Редакциски одбор, му оддаваме признание и го следиме неговиот пример во усилбите квалитетно и навреме да го финализираме и овој, 64-

ти број. Се надеваме дека неговата соработка со Годишниот зборник ќе продолжи и натаму, но сега само како автор, за што сведочат и големиот број негови трудови објавени во претходните броеви на Годишниот зборник.

На нашиот драг и почитуван секретар и колега, д-р Миодраг Тодоровиќ, му посакуваме добро здравје и пријатни пензионерски денови, а Вам драги читатели пријатно дружење со уште еден број на Годишниот зборник на Филозофскиот факултет во Скопје.

Претседател
на Реадакцискиот одбор на Годишниот зборник
Проф. д-р Владимир Давчев